## КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ЛОГО ЗА ПРОЕКТОТ

## ,,WE ARE DIFFERENT, WE ARE EUROPE ALL TOGETHER,,

**СЕПУГС Васил Антевски Дрен, објавува конкурс за избор на лого за проектот ,,WE ARE DIFFERENT, WE ARE EUROPE ALL TOGETHER,,. Темата на проектот е мултикултура и антидискриминација на различните култури меѓу учениците. Целта е да се подигне свеста за различностите и преку истражување и дружење да се научи повеќе за културите на нашите партнер земји. Како што кажува и самиот наслов, иако сите сме различни, сите заедно ја правиме Европа.**

**Логото треба да биде цртеж, самостојно нацртан во техника по слободен избор.**

**Во проектот се вклучени 5 земји и тоа: Турција, Македонија, Португалија, Шпанија и Латвија.**

**Важни информации:**

**1. Логото треба го содржи името на проектот**

**2. Логото треба да ги има знамињата од 5те земји учеснички**

**3. Логото не смее да биде плагијат, односно копија**

**4. Логото треба да ја опишува темата на проектот**

**Сите цртежи кои ќе бидат доставени до 30 Ноември, 2017 година ќе учествуваат во натпреварот.**

**По истекот на рокот ќе биде формирана комисија која од сите цртежи ќе избере два најдобри.**

**Двата најдобри цртежи влегуваат во финален избор за лого на проектот заедно со цртежите од другите земји.**

**Финалниот избор за лого ќе се одржи на првата мобилност(средба) на земјите учеснички, а истата ќе се одржи во месец март 2018 година.**

**Со почит,**

**Координатор на проектот**

**Ива Стојановска**